Крсте РИСТЕСКИ

# ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА - ПРЕДУСЛОВ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

*„Секој е должен да ја заштитува и унапредува животната средина и природата, а Републиката обезбедува услови за остварување на правата на граѓаните на здрава животна средина"* (чл. 68 од Уставот на РМ).

Според класичната дефиниција, екологијата е научна дисциплина која ги изучува односите на живите суштества со неживата и живата природа и која со својата интердисциплинарност претставува основа за заштита на живите суштества и нивните заедници (пред сѐ екосистемот) а тоа значи и заштита на човекот. „Во најново време екологијата постанува глобална наука (глобална екологија), глобална филозофија и можеби некој вид специфична општа религија која проповеда единство на сите луѓе, истакнувајќи дека тие имаат заеднички интереси и ништо спротивно еден спрема друг".[1] Оттаму и мислењето дека екологијата е мошне корисна хуманистичка и обединувачка наука.

Стапувајќи во епохата на научно-технолошки прогрес, односно со огромниот пораст на индустриското производство и на целокупната човекова активност, тој не размислувал за можните последици од неограниченото експлоатирање на природните ресурси, односно за менувањето на ликот на планетата Земја.

Имајќи ја предвид заплашувачката констатација на познатиот француски истражувач на морето, Жак-Ив Кусто дека „порано природата го заплашувала човекот, а сега човекот ја заплашува природата", а и сознанието дека природата е ограничена во своите ресурси, од кои некои не можат ни да се обноват (моќта на природата за регенерирање е ограничена), може да се заклучи дека таквиот тренд продуцира нарушување на еколошката рамнотежа, појава која не може да остане без влијание врз севкупното опстојување на живите суштества на планетата Земја.

Оттаму и потребата од ново размислување за натамошниот општествен развој и за заштита на клучните природни медиуми, односно потребата од создавање на еколошка свест „која во себе содржи не само сознание за состојбата и промените во природата што настануваат

[1] М. Јанковиќ, *Развој еколошке мисли у Србији*, Београд, 1995.

од односот на општеството спрема неа, туку содржи и сфаќања за можните патишта и начини за решавање на еколошките проблеми".[2]

Во проучувањето и решавањето на нарушената ремнотежа меѓу човекот и неговата средина, меѓу природата и општествените структури, како и меѓу човековата физиолошка конституција и неговата личност, посебно место зазема образовниот процес за заштита на животната средина и унапредувањето на човековата средина. На тоа се должи и потребата од оспособување на граѓанинот да се ориентира кон развивање на етичките вредности и ставови за изнаоѓање решенија за заштита на животната средина, што би се рекло опфат на елементи за еколошко оспособување на граѓаните со знаења од областа на екологијата, со крајна консеквенца - формирање еколошки навики и зголемување на еколошката свест.

Заштитата на животната средина е и еден од условите за одење во чекор со демократијата[3] и предизвик за развивање на идејата за елиминирање на сите негативности кои на еден или друг начин влијаат врз степенот на загаденоста на основните природни медиуми, а тоа ќе рече зајакнување на легитимитетот на режимот на заштита на животната средина.

Како сожители на транзицијата, период во кој сѐ се случува со молскавична брзина, не само во промените во начинот на живеењето туку и во приодот кон заштитата на животната средина, се наметнува потребата од изнаоѓање соодветни решенија за попречување на натамошната деградација на животната средина.

Загриженоста од влошувањето на животната средина се манифестира речиси во сите структури од меѓународната заедница. Се мобилизира свеста на јавното мислење за потребата од заштита на животната средина. Така, преку воспитно-образовниот процес за заштита на животната средина кај целокупната човекова популација се развива свест за потребата за зачувување на еколошката рамнотежа во човековата средина и за соодветните последици што би произлегле од една таква појава.

Досегашната практика во образовниот систем и нејзиниот игнорантен став кога станува збор за животната средина и на цикличните процеси во природата кои оставиле несогледливи негативни последици врз живиот свет, треба да се елиминира и воспитно-образовниот

---

[2] Д. Марковиќ, *Социјална екологија*, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1996, 282.

[3] На европската еколошка конференција, одржана во Охрид во 1996 година, во одредбите за зачленување во Европската унија, беше одлучено дека ако некоја земја сака да се зачлени во Унијата, треба да исполни и определени еколошки стандарди.

процес треба да биде прилагоден на насушните потреби за изнаоѓање перспективни задоволителни решенија. Ова и заради тоа што образованието за проблемите на животната средина претставува процес за стекнување знаења за односот на човекот со средината што го опкружува. Во тој контекст стојат и повеќето заклучоци и ставови донесени на неколку меѓународни манифестации ширум светот одржани во интерес на заштитата на животната средина меѓу кои се Конференцијата на Обединетите нации за човековата средина, одржана во јули 1972 година, Европската конференција посветена на образованието во врска со заштитата на животната средина, одржана во декември истата година (1972) во Цирих, заседанието на Меѓународната младинска федерација за заштита и изучување на животната средина, одржано исто така во 1972 година во Амстердам, како и повеќето состаноци на Комитетот за високо школство и наука на Европскиот совет, одржани во периодот 1970-1972 година. Затоа ќе речеме дека последните две децении од овој век го означуваат отпочнувањето на новата страница од историјата на еколошката проблематика каде што се детерминираат стратегиските определби за зачувување на здрава животна средина. Ова и заради тоа што овие собири продуцираа појава на повеќе еколошки организации, агенции, регионални еколошки центри и министерства, сè со тенденција за искористување на нараснатата еколошка свест.

Преку еколошкиот воспитно-образовен процес, односно преку аналитичките и демонстрациони методи, преку развивањето на свеста кај секој поединец дека е дел од средината што го опкружува и дека тоа е негова сопствена заедница, се постигнуваат не само општествено-економски, естетски, културни но и академски цели.

Кога станува збор за еколошката свест, како историска категорија, која треба да се посматра дводимензионално (не само да се согледаат негативните состојби во животната средина туку истовремено и да се преземаат мерки и активности за нивно решавање), треба да се има предвид сознанието дека таа произлегува од заемниот однос меѓу природата и човекот.

Значајна улога во образованието за заштита на животната средина може и треба да има и информираноста и предупредувањето, пред сè, користејќи ги медиумските средства - радиото, телевизијата и печатот.

Имено, трендот за зголемување на еколошката свест, како еден од условите за заштита на животната средина доаѓа до полн израз само во услови на благовремено информирање и предупредување.

Современиот пристап за заштита на животната средина и за развојот не е можен без квалитетни, целосни и ажурни информации за состојбата на воздухот, водите и почвата, за просторот, за изворите на загадување, за расположливите техничко-технолошки решенија, како и за економските, односно финансиските податоци, за инвестициите и производството. Тоа е услов за воспоставување на ефикасен систем за следење на состојбите и трендовите на промените во животната средина и нивното влијание врз здравјето на човекот.

Ако во Уставот на Република Македонија е утврдено дека секој човек има право на здрава животна средина (чл. 43), односно дека секој е должен да ја унапредува и штити животната средина, а Републиката да обезбедува услови за остврување на правото на граѓаните на здрава животна средина тогаш, применувајќи го чл. 16 од Уставот на Република Македонија, каде што се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, јавноста поприма посебна улога во изградувањето на своите ставови и мислења, покрај другото, и околу тековните еколошки проблеми. Значи, уставното право на граѓанинот да се грижи за здрава животна средина истовремено имплицира дека тој има право да учествува во процесот на одлучувањето, формулирањето и спроведувањето во практика на еколошката политика, а тоа значи дека се надоврзуваат и другите права, како што е правото на изнесување на новосоздадените еколошки состојби и право на воспоставување и во практика спроведување на законски норми кои би ги регулирале еколошките проблеми и на крајот правото на благовремено информирање (информирање за емисиите, и тоа од каков и да се карактер и врз кој и да е природен медиум да влијаат, информирање за збирниот квалитет на водите - и водите за пиење, и површинските и потповршинските, и протечните и непротечните, информации за начинот за сместувањето на отпадот, особено нуклеарниот, информирање околу разгледувањето на прашањето за изградба на нови објекти во населени места итн.). Само како споредба: во чл. 16 од Уставот на Република Македонија е загарантиран слободниот пристап до информациите, слободата на примањето и пренесувањето на информациите, што ќе рече информации и од областа на еколошката проблематика.

Преку благовременото и објективно информирање за состојбата на животната средина се стекнува и соодветно јавно мислење а еколошката свест сè повеќе се актуелизира и инволвира во мерките и активностите за елиминирање на негативните состојби во животната средина. Тоа подразбира, од една страна, постојан прилив на нови по-

датоци, особено во услови ако се знае дека состојбата во животната средина постојано е подложна на измени (независно дали од природните фактори или пак од антропогениот фактор), а од друга страна, со перманентна поврзаност на законодавно-правната регулатива (превенција, контрола, надзор и казнено-правни забрани и санкции) регулирање на системот за заштита и унапредување на животната средина и природата. Впрочем и Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата (донесен во декември 1996 година), темелејќи се врз Уставот на Република Македонија, покрај другото, се залага за остварување и на правото на граѓаните на здрава животна средина, и за остварување на обврските и должностите на правните и физичките лица за унапредување и заштита на животната средина и природата.

Поучени од практиката што се применува во земјите со подолга еколошка традиција со определбата - „Јавните установи во областа на образованието (почнувајќи од основното образование), воспитувањето, здравството, информирањето, културата и науката, се должни во своите програми и планови за работа да предвидат и содржини за стекнување знаења и за изградување активен однос спрема заштитата и унапредувањето на животната средина и природата“ (чл. 9 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата) се настојува да се оди во чекор со вистинските потреби за заштита и унапредување на животната средина и природата. Оттаму, еколошкото воспитување треба да си го најде своето место во сите степени од воспитно-образовниот процес во нашата земја.

Значи, паралелно со развојот и со метаморфозата на екологијата се развива и метаморфозата на еколошката свест а со тоа и еколошката наука, што ќе рече паралелно со развојот на свеста кај обичниот граѓанин за значењето и за универзалноста на прашањето за заштита на животната средина се одвива процесот и на правното регулирање на оваа проблематика „при што основниот акцент се става на универзалните вредности на човекот, а пред сè на неговото опстојување.“

Оттаму се зголемува и ефектот на учеството на јавноста во зачувувањето на здрава животна средина, дури и во услови кога, на пример, надлежниот орган издава урбанистичка согласност за објект кој може да претставува (со својот производствен процес) потенцијален загадувач на животната средина. Така, со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Република Македонија бр. 4/96), јавноста преку јавна расправа учествува при донесувањето на урбанистички планови.

Во вакви случаи, јавноста може да предложи некои ограничувачки услови, стандарди или вредности за некој од можните ризици на кои би била изложена средината (уништување, на пример, на шумски фонд заради изградба на аеродром, фабрика, или како средство за ложење - се мисли на беспланско сечење на шумите, како што е, на пример, случајот со месноста Јама, во непосредна близина на селото Гари во западна Македонија), или можност за ослободување на штетни гасови од производствениот процес, како што е случајот со ОХИС и Хемтекс, кои според природата на производството се наметнуваат како сериозни потенцијални загадувачи на животната средина со своите отпадни индустриски води (фабриката за производство на акрилни влакна испушта огромни количини на отпадни води со полутанти, фабриката за производство на пластични маси испушта отпадни води, исто така со полутанти, од фабриката за производство на детергенти, пестициди и некои киселини во отпадните води се присутни површинско активни материи, трихлоретилен, пестициди, солна киселина, сулфурна киселина, натриум хидроксид и др.), како и можност од создавање на поголема бучава и сл.

Резимирајќи ја актуелната состојба во животната средина, а оттаму и широката лепеза на еколошките проблеми со кои се среќава современата цивилизација (непланското користење на просторот, неусогласениот стопански развој - со крајна резултанта загадување на клучните природни медиуми) уште еднаш ја наметнува потребата од еколошка едукација, која инаку не може да се спроведе без љубов кон конкретната средина во која човекот опстојува. А тоа е можно само со непосредно доживување на природните вредности, кои истовремено ќе предизвикаат чувство на задоволство, одушевување, љубов, гордост но и внимателност од загрозување на човековата егзистенција. Ова уште повеќе и поради тоа што сознанието за воспоставување на здрава животна средина ги надминува апстрактните сознанија стекнати во секојдневниот живот. Задоволството доаѓа до израз ако се увиди реалноста во зачувувањето на здравата животна средина како резултат на преземените соодветни мерки и активности, пред сè, со планското спроведување на еколошката едукација, како еден од предусловите за заштита на животната средина.

## SUMMARY

**Krste RISTESKI**

**ECOLOGICAL EDUCATION - A PRESUPPOSITION FOR ENVIRONMENTAL PROTECTION**

***Key words:*** *ecological education*

We are participants in the process of transition - a period in which everyting unfolds as quick as a flash, including both the changes in the way of life, as well as the approach to the environmental protection. From all this emerges the necessity of finding adequate solutions to the problem of undergoing degradation of the environment. A part of this context is also the ecological education as a presupposition for the environmental protection.